**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/3
23.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

AUE
American University of Europe-FON
FON

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 269**

**Скопје, 23.04.2026**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, во насловно звање, од научната област: 6.04.01.14 – Општа историја на уметноста......................................................4712

**РЕФЕРАТ**
**за избор/реизбор на еден наставник во насловно звање од научната област: 6.04.01.14 – Општа историја на уметноста на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН во Скопје**

Со Одлука на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во Скопје, донесена на седницата одржана на 23 јануари 2026 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за спроведување на постапката за избор/реизбор на еден наставник во насловно звање од научната област: 6.04.01.14 – Општа историја на уметноста.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија“ на 15 декември 2025 година, а во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Анита Илиева Николовска, виш научен соработник во Лексикографскиот центар „Георги Старделов“ при Македонската академија на науките и уметностите.

По опстојното разгледување на конкурсните материјали приложени од кандидатот, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот универзитет на Европа - ФОН да го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1. Биографски податоци

Анита Илиева Николовска е родена на 5 јули 1972 година во Белград, Република Србија. Основно и средно училиште завршила во Белград и Скопје, со континуиран одличен успех. Во текот на школувањето добитник е на повеќе награди за најдобар ученик на генерацијата, како и први места од регионални и државни натпревари по ликовна уметност, историја и македонски јазик.

Во 1991 година се запишала на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за историја на уметноста со археологија. Дипломирала во 1996 година со тема „Живописот од XIV век во манастирската црква Св. Андреја – Матка“, под менторство на акад. Цветан Грозданов.

Во 1997 година се запишала на магистерски студии на истиот Институт, во насоката Историја на средновековната уметност од IX до XIV век. Положувајќи ги сите предвидени испити на последипломските студии во оваа насока, во 2002 година, како резултат на зголемениот интерес за современата ликовна уметност и музеологијата, ја менува насоката во Историја на нововековната уметност од XV до XX век. Со звањето магистер по историја на уметноста се стекнала во 2007 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „МСУ – Скопје и осврт на сродните институции во Република Македонија (организациони, социолошки и уметнички аспекти)“, под менторство на проф. д-р Владимир Величковски, со просечен успех од положените испити 10.

Во 2011 година пријавила докторски труд од областа на историјата на уметноста, културната историја на македонскиот народ и музеологијата на Институтот за национална историја – Скопје. Со академски степен – доктор по историски науки се стекнала во 2018 година, со одбрана на докторската дисертација под наслов „Колекционирањето во музеите во Македонија од 1920 г. до 2011 г.“, под менторство на проф. д-р Крсте Богоески, со просечна оценка 10.

## 2. Професионално искуство

По дипломирањето, од 1997 до 2000 година работела како стручен соработник волонтер во Музејот на современата уметност – Скопје. По завршувањето на стручно усовршување – педагошко-психолошка и методска подготовка на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје во 1999 година, работела како професор по предметот Ликовна уметност во УСО „Зеф Љуш Марку“ во Скопје, во учебните 1999/2000 и 2000/2001 година. Во октомври 2000 година, со формирањето на Лексикографскиот центар при МАНУ, ангажирана е како соработник волонтер. Од март 2002 година се стекнува со редовен работен однос во овој Центар, каде работи и денес како виш научен соработник, со Одлука за избор во ова звање од 28 јануари 2026 година.

## 3. Научноистражувачка дејност

### Објавени трудови

- „Улогата на музејските институции во развојот, зачувувањето и афирмацијата на македонското современо ликовно творештво и националниот културен идентитет“ (автор), *Спектар*, год. XXIX, бр. 58 (кн. II), Скопје 2011, 590–603.
- „Влијанието на актуелниот општествено-економски амбиент врз музејската дејност во Македонија“ (автор), *Зборник на трудови од Втората меѓународна научна конференција „Лицата на кризата“*, Европски универзитет – Скопје 2012, 502–513.
- „Документација музејских колекција“ (автор), *Читалиште*, год. XII, бр. 22, Панчево – Нови Сад 2013, 34–45.
- *Петровденскиот масакр на Саланџак* (ко-автор), Соларис принт, Скопје 2013.
- „Дигитализацијата како инструмент за развој на музејските колекции“ (автор), *Култура*, год. IV, бр. 6, Скопје 2014, 145–157.
- „Macedonia in the Interests of the Great Powers Before and During the First World War and the Future Security Implications“ (co-author), *Papers from International Scientific Conference „Macedonia and the Balkans, a Hundred Years After the World War I – Security and Euro-Atlantic Integrations“* (Vol. I), University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola and Faculty of Security – Skopje, Skopje 2014, 195–209.
- „History of Heutagogy as a self-determinate learning“ (co-author), *Proceedings of Papers from 2-nd International scientific conference MILCON'19*, Military academy „Mihailo Apostolski“, Skopje 2019, 147–153.
- *Македонските градови низ историјата* (ко-автор), Соларис принт, Скопје 2019.
- „Historical Retrospective of the Integration in NATO and the European Union of the Republic of North Macedonia“ (co-author), *Security Horizons – International Scientific Conference „The Euro-Atlantic Values in the Balkan Countries“*, Vol. I, no. 3, University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola and Faculty of Security – Skopje, Skopje 2020, 39–59.
- „Historical chronology and impact of migration in Europe from XVIII century to present time“ (co-author). *Proceedings of the 13th International Scientific and Professional Conference – Crisis Management Days 2020 (CMD 2020)*, University of Applied Sciences Velika Gorica, Velika Gorica, september 2020.

- „Historical perspectives and legal aspects of syber warfare" (co-author). *Annals of Disaster Risk Sciences*, Velika Gorica, september 2020.
- „Placing museum collections in context: Historical collections and their contemporary cultural and social relevance" (author). *Journal of Ethnology and Folkloristics*, University of Tartu, Tartu 2020.
- „Невидливата структура на нишките што нè поврзуваат: Белешки за тапиserијата на Димче Коцо" (автор), *Манускрипт*, год. VII, бр. 1–2, Скопје 2021, 269–307.
- *Балканските војни и Првата светска војна* (ко-автор), Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2022 (учебник).
- *Незаборавник: Сто години од масакрот во село Гарван (1923 – 2023)* (ко-автор), Конче 2023.
- *25-от час на Македонскиот фронт 1915 – 1918* (ко-автор), 2-ри Август, Штип 2023.
- *Лексикон на Македонскиот фронт 1915 – 1918* (ко-автор), 2-ри Август, Штип 2023.
- *Македонскиот фронт низ фотографии 1915 – 1918* (ко-автор), НУУБ „Гоце Делчев" – Штип, 2023.
- „Зад видливото: Портретното сликарство на Димитар Кондовски" (автор), *Манускрипт*, год. VIII, бр. 1–2, Скопје 2023, 249–305.
- „Placing Museum Collections in Context: Historical Collections and Their Contemporary Cultural and Social Relevance" (co-author), *Review of the Institute of History and Archaeology*, vol. 1, No. IV (2024), 40–60.
- *Алманах на Македонскиот фронт 1915 – 1918* (ко-автор), НУУБ „Гоце Делчев" – Штип, 2024.
- „Предговор" и „Поговор" (автор), во: Душко Цацков, *Во сенка на вистината*, НУУБ „Гоце Делчев" – Штип, 2024.
- *Балканските војни низ фотографии 1912 – 1913* (ко-автор), НУУБ „Гоце Делчев" – Штип, 2025.
- *Лексикон на Балканските војни 1912 – 1913* (ко-автор), НУУБ „Гоце Делчев" – Штип, 2025.
- „Contemporary Teaching as the Most Organized System in Education" (co-author), *Vospitanie – Journal of Educational Sciences Theory and Practice*, vol. 20, no.2 (2025), 32–38.
- „Возвишени претстави на исклучителни места: Пејзажното сликарство на Вангел Коџоман" (автор), *Манускрипт*, год. IX, бр. 1–2, Скопје 2025, 169–229.
- „Collecting and Organisation of Museum Collections" (author), *Review of the Institute of History and Archaeology*, vol. 1, No. V (2025), 10–25.
- „Modeling and Assessment of Reliable Cloud Storage Solutions for Cultural Heritage Assets" (co-author), *Knowledge*, Vol. 72, No. 3 (2025), 345–349.
- „Heutagogy in Education: Transforming the Learner Experience" (co-author), *Journal of Peace, Conflict, and Security Studies*, vol. I, issue 1 (2025), 187–201.
- *Јас, Историјата : предмети од македонското секојдневие: 1900 – 1990* (ко-автор), НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев" – Штип, 19 ноември 2025 (cat.exh.).
- „Evolution and Perspectives of the Fourth Generation of Warfare" (co-author), *Knowledge*, vol. 73, No.1 (2025), 271–275.

- „ICT as a Catalyst for Effective Waste Management in the Circular Economy Context“ (co-author), *Proceedings of the XV International Conference on Applied Internet and Information Technologies (AIIT 2025)*, Bitola, N. Macedonia, 7 November 2025 (in press).
- „Global Security Trough the Prism of Resources Wars“ (co-author), *Knowledge*, vol. 73, No.1 (2025), 305–310.
- „Патувања низ неомеѓените простори отаде сликата, песната и сонот: Влада Урошевиќ и ликовната уметност“ (автор), *Манускрипт*, год. X, бр. 1-2, Скопје 2025 (in press).

**Учество на научни и стручни собири со реферат**

- *Меѓународен научен симпозиум „Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура“*, Институт за македонска литература, Скопје, 7–8 ноември 2011.
- *Втора меѓународна научна конференција „Лицата на кризата“*, Европски универзитет – Скопје, 9–10 март 2012.
- *Прва годишна меѓународна научна конференција „Културна меморија“*, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 5–7 септември 2013.
- *International scientific conference „Macedonia and the Balkans, a Hundred Years After the World War I – Security and Euro-Atlantic Integrations“*, Faculty of Security – Skopje, Ohrid, 3–5 June 2014.
- *Трета годишна меѓународна научна конференција „Идентитет и култура“*, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 3–5 септември 2015.
- *International ICOM–ICME scientific conference „Museums as Agents of Memory and Change“*, University of Tartu, Estonian National museum, Tallinn – Tartu, Estonia, 24–26 April 2019.
- *2-nd International scientific conference MILCON'19*, Military academy „Mihailo Apostolski“, Skopje, 12th November 2019.
- *13th International Scientific and Professional Conference – Crisis Management Days 2020 (CMD 2020)*, University of Applied Sciences Velika Gorica, Split, Croatia, 21–23 April 2020.
- *11th International Scientific Conference „The Euro-Atlantic Values in the Balkan Countries“*, Faculty of Security – Skopje, Ohrid, 22–24 September, 2020.
- *50th International Scientific Conference „The Power of Knowledge“*, Institute of Knowledge Management – Skopje, Perea (Greece), 2–5 October 2025.
- *XV International Conference on Applied Internet and Information Technologies (AIIT 2025)*, Bitola, N. Macedonia, 7 November 2025.
- *The 9th International Symposium of Military Academies (ISOMA) „Unite for Knowledge, Act for Peace“*, Prishtina, 11–13 November 2025.
- *51st International Scientific Conference „Knowledge in Practice“*, Institute of Knowledge Management – Skopje, Bansko (Bulgaria), 12–14 December 2025.

**Учество во научноистражувачки проекти**

- *Virtual Museum System* (Soros Center for Contemporary Arts – Skopje; Van Gogh TV – Berlin and Museum of Contemporary Art – Skopje, 1998)
- *Лазар Личеноски* (Музеј на современата уметност – Скопје, 1998)

- *Стефан Маневски* (Музеј на современата уметност – Скопје, 1999)
- *Донации – аквизиции 1987–2000* (Музеј на современата уметност – Скопје, 2000)
- *Вознемирен шаблон* (Музеј на современата уметност – Скопје, 2000)
- *Macedonian Cultural Art Trunk* (Fayetteville Museum of Art, North Carolina, USA and Museum of Contemporary Art – Skopje, 2000)
- *Приоди кон визуелното размислување* (Републички педагошки завод – Скопје и Музеј на современата уметност – Скопје, 2000)
- *Македонска енциклопедија* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2000 – )
- *Историја на културата на почвата на Македонија* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2000 –, секретар и член на Редакцијата на макропроектот)
- *Македонија – центар на христијанството* (10 радио емисии, Антена 5 радио – Скопје, 2001)
- *Досие МСУ* (Музеј на современата уметност – Скопје, 2001)
- *Искушенијата на естетичкиот ум – XX век* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2003)
- *Балканска естетика една друга естетика* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2004)
- *Ангелус новус* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2004)
- *Разорување на догмите* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2005)
- *Книжевното наследство на Славко Јаневски* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, том I – 2005; том II – 2007)
- *Ноќен градинар* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2006)
- *Свети Андреја – Матка* (веб страница, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Природно-математички факултет, Институт за информатика, 2007)
- *Небесен клучар* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2008)
- *Слушате ли Каинавелијци* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2010 )
- *100 години од Петровденскиот масакар на Саланџак* (с. Долни Липовиќ, 2013, раководител)
- *Summa Aestheticae I–III* (Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2015, уредник)
- *Траги во времето: интервјуа* (акад. Митко Маџунков, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2020, уредник)
- *Сто години од масакрот во село Гарван 1923 – 2023* (Општина Конче, 2023, раководител)
- *Јас, Историјата : предмети од македонското секојдневие : 1900 – 1990,* (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2025, раководител)
- *Белешки за периодот 1960 – 2025* (акад. Митко Маџунков, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2024 – )

**Дејности од поширок интерес**

- Член на Организациониот одбор на научниот собир „Митко Маџунков – 50 години творештво" (Македонска академија на наките и уметностите, октомври 2020)
- Секретар на списанието „Манускрипт" (Одделение за уметност, Македонска академија на науките и уметностите, 2015 – )
- Секретар на Меѓународниот научен собир „По трагите на академик Војислав Ј. Ѓуриќ" (Српска академија на науките и уметностите и Македонска академија на науките и уметностите, Белград – Скопје, 16–21 октомври 2006)
- Секретар на Вториот македонско-руски научен собир „Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна" (Македонска академија на науките и уметностите и Руска академија на науките, Институт за славистика и балканистика, Охрид, 27–28 септември 2004)

**Студиски престои**

- Hrvatski leksikografski zavod „Miroslav Krleža" – Zagreb (јуни, 2004)

**Останати активности**

- Член на Управниот одбор на Културна локација „Место" – Скопје (1998–2001)
- Член на Одборот и соработник за Македонија на културната и уметничка компанија „Visual Attitudes", Северна Каролина, САД (2001–2007)
- Член на Центарот за визуелни уметности при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје (2002–2007)
- Член на Советот за заштита на македонското звучно наследство на Институтот за истражување и архивирање на музиката при Факултетот за музичка уметност, Скопје (2003)
- Член на ICOM (International Council of Museums), Париз (од 2007)
- Член на ICOM COMCOL (ICOM International Committee for Collecting), Париз (од 2011)

**4. Заклучок и предлог**

Анализата на приложените материјали за досегашната професионална активност на кадидатката д-р Анита Илиева Николовска, го наметнува заклучокот дека се работи за сериозен и посветен истражувач, кој се одликува со висок професионализам во работата и со изразито чувство на одговорност во сите сфери на академското делување. Во делокругот на научноистражувачката работа од областа на историјата на уметноста, цениме дека кандидатката остварила оригинални и видни резултати со голем број објавени научни и стручни трудови и учество на повеќе меѓународни научни собири во земјата и странство. Научноистражувачкиот пристап на д-р Анита Илиева Николовска се карактеризира со висока степен на аналитичност на реалните состојби во областите на интерес, со критичко вреднување на изворите и на позитивните факти, како и ретка акрибичност во формулирањето на своите ставови, сознајби и судови. Главно средиште на научноистражувачката дејност на д-р Анита Илиева Николовска е истражувањето на историјата на уметноста, културната историја и музеологијата, и во тесна врска со тоа проучувањето на ликовното и

општокултурното наследство на Македонија. Сметаме дека ваквиот научен интерес во целост одговара за нејзино ангажирање како наставник на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот универзитет на Европа - ФОН.

Треба да се забележи дека во текот на досегашниот работен ангажман во Лексикографскиот центар „Георги Старделов" при МАНУ, д-р Илиева Николовска учествувала во подготовката и реализацијата на сите програмски задачи, а успешно ги исполнувала главните активности и одговорности на најважниот макропроект на Центарот – *Историја на културата на почвата на Македонија*, како член на Редакцијата. Долгогодишното активно учество во реализацијата на овој макропроект ѝ овозможи да се стекне со продлабочени познавања во областа на историјата на уметноста и културната историја на македонскиот народ, искуство за кое сметаме дека е од особен интерес за нејзината натамошна работа како наставник на Факултетот за дизајн и мултимедија.

Врз основа на приложениот конкурсен материјал, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката поседува квалитети кои целосно ги исполнуваат сите законски нормативи предвидени со конкурсот и според тоа, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, д-р Анита Илиева Николовска да биде избрана како наставник во насловно звање од научната област: 6.04.01.14 – Општа историја на уметноста.

Рецензентска комисија

проф. д-р Сашо Цветковски, с.р.
доп.член на МАНУ, претседател

______________________________

проф. д-р Татјана Филиповска, с.р. член

______________________________

проф. д-р Марко Ружин, с.р. член

______________________________